СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
Општина Гази Баба

15 октомври 2026 | Излегува по потреба | Година XXI | број 12



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Одлуката за формирање на канцеларија за млади во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 октомври 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6682/1
од 15 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 21 од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на РСМ" бр.10/20), член 46-д од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осумнаесеттата седница одржана на 14 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Член 1

Со оваа одлука се формира канцеларија за млади во Општина Гази Баба, од каде се координира работата за млади како основна точка за пристап на младите на локално ниво.

Член 2

Градоначалникот на Општина Гази Баба ја определува просторијата каде ќе функционира канцеларијата за млади од членот 1 од оваа одлука.

Член 3

Канлеларијата за млади по потреба ќе ја користи и Локалниот младински совет на Општина Гази Баба.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6324/2
од 14 октомври 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА, ИЗБОРИ И ИМЕНУВАЊА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 октомври 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6682/2
од 15 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 47 и член 49 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), а во врска со член 122 став (2) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осумнаесеттата седница одржана на 14 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА, ИЗБОРИ И ИМЕНУВАЊА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Член 1

Во Одлуката за избор на претседател и членови на комисија за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/25), во член 1 "за членови" по зборовите "ЖАРКО ЗДРАВЌОВСКИ" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите **"МАКФИРЕ ИСЕНИ"** и **"ЕНИС ЗЕЌИРИ."**.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6324/3
од 14 октомври 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ФИНАНСИИ И БУЏЕТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за финансии и Буџет на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 октомври 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6682/3
од 15 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 47 и член 49 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), а во врска со член 125 и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осумнаесеттата седница одржана на 14 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ФИНАНСИИ И БУЏЕТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Член 1

Во Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за финансии и буџет на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.18/25), во член 1 "за членови" по зборовите "МАЈА НИКОДИНОВСКА" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите **"ФИЛИП АНАСТАСОВ"** и **"ЕНИС ЗЕЌИРИ."**.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6324/4
од 14 октомври 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА УЧЕСТВО ВО СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ ВО МАТИЧНАТА СЛУЖБА НА ГРАД СКОПЈЕ И МЕСНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матичната служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 октомври 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6682/4
од 15 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за семејството ("Службен весник на РМ" бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15 и "Службен весник на РСМ" бр.53/21, 199/23 и 192/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осумнаесеттата седница одржана на 14 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА УЧЕСТВО ВО СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ ВО МАТИЧНАТА СЛУЖБА НА ГРАД СКОПЈЕ И МЕСНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Член 1

Во Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба за учество во склучување на бракови во матичната служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/25), во член 1 точка - III. МЕСНА КАНЦЕЛАРИЈА - СИНГЕЛИЌ, зборовите "БИЛЈАНА АПОСТОЛОВА - ГЕОРГИЕВСКА" се заменуваат со зборовите **"МАКФИРЕ ИСЕНИ"**.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6324/5
од 14 октомври 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА И НАПРАВИ ЗА СМИРУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ ВО НАСЕЛБА АВТОКОМАНДА, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за поставување на сообраќајна сигнализација и направи за смирување на сообраќајот во населба Автокоманда, Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 октомври 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6682/5
од 15 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 и "Службен весник на РСМ" бр.241/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Гази Баба за поставување на сообраќајна сигнализација и направи за смирување на сообраќајот во населба Автокоманда, Општина Гази Баба ("Службен гласник на Град Скопје" бр.10/26), Советот на Општина Гази Баба на осумнаесеттата седница одржана на 14 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА И НАПРАВИ ЗА СМИРУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ ВО НАСЕЛБА АВТОКОМАНДА, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за поставување на сообраќајна сигнализација (вертикална и хоризонтална сигнализација) и направи за смирување на сообраќајот врз основа на утврден режим на сообраќај на улици согласно на ДУП за УЗ "Автокоманда" - Урбан Блок 2А и Урбан Блок 2Б, во населба Автокоманда, Општина Гази Баба и се уредува начинот и условите на финансирањето, како и други прашања во остварување на заедничката цел и интерес.

Член 2

(1) Проценетата вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од членот 1 од оваа одлука изнесува 2.918.848,00 денари со вклучен ДДВ.

(2) Град Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 2.918.848,00 денари со вклучен ДДВ, обезбедени од програма Ј6, ставка 424, конто 424390, од Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

(3) Општина Гази Баба во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со изработен и ревидиран Основен сообраќаен проект за измена на режим на сообраќај на постојната состојба на улична мрежа во населба Автокоманда - Општина Гази Баба, како и со решавање на имотно - правните спорови.

(4) Средствата од ставот 1 од овој член, ќе се користат исклучиво за намената од член 1 од оваа одлука, во согласност со прописите со кои се уредува поставување и изведба на работи од ваков тип, а изведбата ќе се реализира преку ЈП "Улици и патишта" - Скопје.

Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Гази Баба“.

Број 09-6324/6
од 14 октомври 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 86 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Градоначалникот на Општина Гази Баба, решавајќи по Барањето за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за ГЧ ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 27.11.2015) со намена А2-Домување во станбени згради, поднесено од Друштво за производство, трговија и градежништво ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО експорт-импорт Тетово, врз основа на Член 63 став (19) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26, 212/26) ја издава следната

П О Т В Р Д А

за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за ГЧ ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 27.11.2015) со намена А2-Домување во станбени згради

Се одобрува **Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за ГЧ ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 27.11.2015) со намена А2-Домување во станбени згради**, изработен од Друштво за производство, трговија и градежништво ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО експорт-импорт Тетово со тех. бр.04-51-1/2021 од Јули 2026 година, доставен преку информацискиот систем е-Урбанизам во „УП – член 63“ постапка бр.**74705**, креирана на 09.09.2025 година.

Потврдата се заснова на:

- претходно даденото позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Гази Баба со бр. 28-3/1735/9 од 04.08.2026 година, во кое комисијата потврди дека Урбанистичкиот проект со план за парцелација е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26) и
- Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за ГЧ ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015) со намена А2-Домување во станбени згради, донесена од Советот на Општина Гази Баба со бр. 09-5713/45 од 26.08.2026 година,
- Исправка на техничка грешка, на изворниот текст на Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за ГЧ ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015) со намена А2-Домување во станбени згради, донесена од Советот на Општина Гази Баба со бр. 09-5713/45 од 26.08.2026 година.

Урбанистичкиот проект може да се применува по извршениот дигитален преклоп во Агенцијата за катастар на недвижности.

Напомена:
Со оваа Потврда престанува да важи Потврдата со арх.бр.28-3/1735/11 од 03.09.2026 година. (поради техничка грешка)

ГРАДОНАЧАЛНИК

Број 28-3/1735/18

Од 14.10.2026 година

Бобан Стефковски

СОДРЖИНА

ОДЛУКА за формирање на канцеларија за млади во Општина Гази Баба 2

ОДЛУКА за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба 4

ОДЛУКА за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за финансии и Буџет на Советот на Општина Гази Баба 6

ОДЛУКА за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба 8

ОДЛУКА за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за поставување на сообраќајна сигнализација и направи за смирување на сообраќајот во населба Автокоманда, Општина Гази Баба 10

ОБЈАВИ од сектор за урбанизам и градежно земјиште 11

"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/26
18 седница

Издавач Општина Гази Баба | Уредува сектор за правни и општи работи
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

